Универзитетски гласник

**Издавач**

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ**
*Проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ,*
**ректор**

**Уредник на *Универзитетски гласник***
*М-р Марија Маневска,*
**генерален секретар**

**Лектор**
*Весна Илиевска-Цветановска*

**Техничко уредување**
*Зоран Кордоски*

**Печати**
*ЧОКОЛОГРАФИЈА*

**Тираж**
*90*

# СОДРЖИНА

**ОДЛУКА**
за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Факултет за ветеринарна медицина - Скопје ....................3

**ОДЛУКА**
за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Факултет за ветеринарна медицина – Скопје – пречистен текст ................................................6

Врз основа на член 2 од Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (*Универзитетски гласник* бр. 161/2010) и член 55, став 5, алинеја 2 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје *(Универзитетски гласник* бр. 361 од 3 април 2017 година), Деканатската управа на Факултетот, на седницата одржана на 31.01.2018 година, ја донесе следнава

## ОДЛУКА
### за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Факултет за ветеринарна медицина - Скопје

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Факултет за ветеринарна медицина – Скопје објавена во *Универзитетски гласник* бр.190 од 23 декември 2011 година.

**Член 2**

Во член 13 став 2 се заменува со нов став кој гласи:

„Деканот е должен да обезбеди ангажман на наставниците и соработниците за исполнување на нормираниот обем за остварување на основната плата.“

**Член 3**

Во член 14 во ставот 1 зборовите „Наставно-научниот совет“ се заменуваат со зборовите „Деканатската управа“.

**Член 4**

Во член 19 по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„За работната успешност на научните работници евиденција води продеканот за наука и меѓународна соработка“.

Ставовите 3,4,5 и 6 стануваат ставови 4,5,6 и 7.

Во ставот 5 по бројот 4 се додава зборот „5".

**Член 5**

Во член 24 став 1 алинеја 1 на крајот на реченицата се додаваат зборовите „односно специјалистички студии“.

По алинеја 11 се додава нова алинеја која гласи:

- „за вршење на други активности поврзани со високообразовна и применувачка дејност (раководење со лаборатории, координација, клиничка и теренска пракса и слично).“

**Член 6**

По член 24 во поднасловот „*Извршување работи за реализација на постдипломски (магистерски) студии*“ во заградата по зборот магистерски се додаваат зборовите „односно специјалистички“.

**Член 7**

Во член 25 во ставот 1 после зборот „постдипломските“ се додаваат зборовите „*односно специјалистички*“.

Во ставот 2 зборовите „продеканот за наука“ се заменуваат со зборовите „продеканот за наука и меѓународна соработка“.

**Член 8**

Во член 26 во став 1 зборовите „и соработниците“ се бришат.

Во став 2 зборовите „продеканот за наука“ се заменуваат со зборовите „продеканот за наука и меѓународна соработка“.

**Член 9**

Во член 27 секаде во текстот зборот „магистерски“ се заменува со зборот „специјалистички“.

**Член 10**

Во член 30 се додава нов став 2 кој гласи:

„Евиденцијата за учество ја води продеканот за финансии“.

**Член 11**

Членот 31 се менува и гласи:

„За учество во рецензентска комисија на учебник или учебно помагало и уредник на издание и/или меѓународно научно списание се исплаќа надомест за:

- рецензент на учебник – 500 до1000 бода;
- рецензент на учебно помагало – 300 до 500 бода;
- уредник на монографија, книга на апстракти, зборник од научен собир и слично 500 до 1000 бода.
- уредник на домашно списание (издание) - 500 до 2000 бода
- уредник (главен, технички, асоцијативен, ко-уредник, помошен уредник и слично) на меѓународно научно списание 500 до 3000 бода.“

**Член 12**

Поднасловот и член 32 се менуваат и гласат:

***Учество во работа на комисии, одбори, работни групи, работни тела и слично***

Член 32

„На членови на комисија, одбор, работна група, работно тело и слично формирани од орган на Факултетот, за изготвување нормативни акти, експертски анализи, стручни материјали, реализација на курсеви, семинари, работилници, симпозиуми, перманентно образование и слично и за други активности, им се исплаќа надомест во зависност од обемот и степенот на сложеност на работните задачи.

Членови на комисија, одбор, работна група, работно тело и слично можат да бидат наставно-научните, научните и соработничките кадри, лица од Централната стручна и административна служба - Ректоратот, Стручната и административна служба на Факултетот и надворешни лица.

Обемот и степенот на сложеност се утврдуваат од органот кој формирал комисија, одбор, работна група, работното тело и слично при нивното формирање.

На член на комисија, одбор, работна група, работно тело и слично во зависност од обемот и степенот на сложеност, се исплаќа надомест во висина од:

- за стручно-аналитички работи (нормативни акти, студиски програми, самоевалуација, проекти, стратегии, програми и сл.), од 2000 до 6000 бода;
- за експертски анализи (за прашања од конкретна област), од 1000 до 4000 бода;
- за стручни работи (анализи, информативни работи, извештаи и сл.), од 1000 до 4000 бода;
- за реализација на курсеви, семинари, работилници, симпозиуми, перманентно образование и сл., од 300 до 2000 бода
- за други активности (организациони, манифестациони, промотивни активности, саеми за кериера, одбори, стручни комисии, други слични работи како и дополнителни помошни активности во организирањето на работата на внатрешните единици, катедрите, лабораториите, центрите, клиниките и сл.), од 300 до 2000 бода
- за помошни и технички работи (изработка на интернет содржина, јавни набавки, земање на мостри на терен и сл.) од 50 до 200 бода.

Одлуки за учество на лица во извршување на работите од став 1 на овој член, по предлог на деканот, донесува Деканатската управа.“

**Член 13**

Поднасловот и членот 33 се заменуваат со нов поднаслов и нов член кои гласат:

*„Други активности поврзани со високообразовна и применувачка дејност (раководење со лаборатории, координација, клиничка и теренска пракса и слично).“*

Член 33

На вработени за извршување на други активности во поврзани со високообразовна и применувачка дејност (раководење, координација, клиничка, теренска пракса и слично) има се исплаќа надомест во зависност од обемот и степенот на сложеност на работните задачи.

Обемот и степенот на сложеност се утврдуваат од Деканатската управа, врз основа на активноста а се исплаќа надомест во висина од:

- Раководител на лабораторија со акредитирани методи или раководител на приемно оддлеление
  од 1000 до 3000 бода
- Раководител на клиника
  од 1000 до 3000 бода
- Кординатор за кавалитет ИСО 17025
  од 1000 до 3000 бода
- Координатор за ЕКТС
  од 500 до 2000 бода
- Координатор за изведување на клиничка и теренска практика
  од 500 до 2000 бода.

Одлуки за извршување на работите од овој член, по предлог на Деканот, донесува Деканатската управа. „

**Член 14**

Во член 35 став 2 се заменува со нов став кој гласи:

„Доколку приходот остварен од апликативна високостручна дејност е поголем од расходите, со одлука на Деканатската управа може да се исплаќа во текот на наредната година надоместок во висина до 50% од разликата помеѓу приходите и расходите.“

**Член 15**

Во член 39 став 1 по зборот „комисии“ се додава зборот „одбори“ и ставот 2 се брише.

**Член 16**

Во член 40 алинеите 5,6 и 7 се бришат.

**Член 17**

Член 42 се менува и гласи:

Член 42

На Визитинг професор, ангажиран наставник во насловно звање и истакнат стручњак од практиката, им се исплаќа надомест за учество во настава.

Надоместот се исплаќа за изведување на следниве активности: изведување на теоретска и практична настава, подготовка на материјали за изведување на практичната настава, технички работи кои се однесуваат на организација, подготовка и изведување на сите облици на практична работа и вежби, помагање при експерименти и зафати на експериментални животни и сл.“

Надоместоците се исплатуваат врз основа на поднесен извештај од страна на учесниците во изведувањето на наставата, одобрен од продеканот за настава.

Висината на надоместот на лицата од став 1 на овој член изнесува до 3000 бода.

Под настава се подразбира одржување на часови и консултации со студенти.

**Член 18**

Член 43 се брише.

**Член 19**

Членовите 44,45,46,47,48 и 49 стануваат членови 43,44,45,46,47 и 48.

**Член 20**

Во член 45 став 1 броевите 25, 26, 27 и 33 се заменуваат со броевите „ 25, 26 и 27 „.

Во член 45 став 2 броевите 35, 42 и 43 се заменуваат со броевите „ 32,33, 35 и 42".

Во член 45 став 1 броевите 28, 30, 31, 32, 36 и 40 се заменуваат со броевите „ 28, 30, 31, 36 и 40".

**Член 21**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во *Универзитетскиот гласник.*

**Д е к а н**
**Проф. д-р Лазо Пендовски, с.р.**

---

**Прилогот 1 на оваа одлука се менува и гласи:**

***1. Висина на основна плата на Давители на услуги:***

Основната плата за нормираниот обем на работни задачи изразена во бодови, по работни места за давателите на јавни услуги се утврдува во следниов износ:

- редовен професор / научен соработник **5393 бода**
- вонреден професор / виш научен соработник **4893 бода**
- доцент / научен соработник **4393 бода**
- асистент **3993 бода**

- доктор по ветеринарна медицина **3493 бода**
- стручен соработник 3493 бода
- стручен соработник – аналитичар **3493 бода**
- лаборант во VI степен **3193 бода**
- лаборант **2943 бода**

***2. Висина на основната плата на административните работни во Стручната и административна служба***

Основната плата за нормираниот обем на работни задачи изразена во бодови, по работни места за Стручната и административна служба се утврдува во следниов износ:

- секретар на Факултетот **4393 бода**
- раководител на Одделението за финскиско и администартивно работење **3993 бода**
- советник за библиотечно работење **3393 бода**
- советник за финансиско работење **3493 бода**
- советник за сметководствено работење **3393 бода**
- советник за деловно работење **3393 бода**
- советник за ИКТ **3493 бода**
- советник за студентски прашања **3393 бода**
- помлад соработник за деловно работење **3193 бода**
- самостоен референт за сметководствени работи **3193 бода**
- самостоен референт за сметководствени работи **2943 бода**
- самостоен референт за материјално и магацинско работење (со VI степен) **3193 бода**
- самостоен референт за материјално и магацинско работење **2943 бода**
- самостоен референт за благајна **2943 бода**

***3. Висина на основната плата на помошно-технички лица***

Основната плата за нормираниот обем на работни задачи изразена во бодови, по работни места за Помошно-техничките лица се утврдува во следниов износ:

- одгледувач на домашни животни **1993 бода**
- возач **1993 бода**
- хигиеничар **1893 бода**

---

Врз основа на член 2 од Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (*Универзитетски гласник* бр. 161/2010) и член 55, став 5, алинеја 2 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (*Универзитетски гласник* бр. 361 од 3 април 2017 година), Деканатската управа на Факултетот, на седницата одржана на 31.01.2018 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А

## за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Факултет за ветеринарна медицина – Скопје – пречистен текст

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат платите и надоместоците на вработените на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Член 2**

Вработениот има право на плата согласно со закон, колективен договор, Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј „ во Скопје (во натамошниот текст: Правилник на УКИМ) и со оваа Одлука.

Покрај плата, вработениот има право и на надоместок на плата, надомест на трошоци поврзани со работата и надомест за вршење на дополнителни работи кои не спаѓаат во редовните работни обврски согласно со закон, колективен договор, Правилникот на УКИМ и со оваа Одлука.

**Член 3**

Платата на вработениот за работа со полно работно време и нормален работен учинок не може да биде пониска од основната плата утврдена со оваа Одлука.

Доколку на Факултетот настанат тешкотии во работењето, на вработениот му се исплатува плата пониска од основната.

На работникот во случајот од став 2 на овој член му се исплатува плата во износ утврден од Министерството за образование и наука според коефициентите на сложеност на работните места во високото образование.

**Член 4**

Платата на вработениот се пресметува и се исплатува еднаш месечно, во паричен износ.

Платата, придонесите за задолжително осигурување и персоналниот данок од доход на платите и надоместоците на вработениот ги исплатува Факултетот.

Платата, придонесите, даноците и другите давачки на платите и надоместоците на вработениот се исплаќаат:

- од средствата стекнати од Буџетот на Република Македонија;
- од средствата од Буџетот на Република Македонија и од средствата стекнати од други извори (кумулативно);
- од средставата стекнати од други извори.

Делот од платата, односно платата се исплаќа од средствата стекнати од други извори, доколку на Факултетот се остварени приходи од други извори.

**Член 5**

Факултетот води евиденција на платите и другите надоместоци, за исплатените даноци и придонеси од плати, а на вработениот му издава потврда за исплатената плата или надоместокот, како и потврда за исплатените даноци и придонеси.

## II. ПЛАТА

**Член 6**

Платата се состои од:

1. основна плата;
2. дел од плата за работна успешност;
3. додатоци.

### 1. Основна плата

**Член 7**

Основата плата се искажува во бодови, за секое работно место утврдено со актот за организација и систематизација на работните места на Факултетот.

Основната плата искажана во бодови за секое работно место за лицата се утврдува според степенот на стручната подготовка, видот, обемот, сложеноста на работите што работникот ги врши на работното место за кое склучил договор за вработување, односно на кое е распореден, одговорноста на работникот, стекнатите знаења и вештини. Основната плата е прикажана во Прилог 1 на оваа Одлука.

**Член 8**

За да стекне плата, вработениот е должен во текот на 40-часовната работна недела да ја извршува работата утврдена во актот за организација и систематизација на работните места на Факултетот.

Извршувањето на работата треба да биде квалитетно, редовно, навремено, целосно и точно.

*Мерила и критериуми за остварување основна плата*

Наставници и соработници

**Член 9**

Основната плата на наставниците и соработниците, по одделни работни места, со полно работно време, се остварува според учеството во извршување на наставата и други работи во интегрираниот прв и втор циклус на студии (регулирани професии).

**Член 10**

Нормираниот обем на наставниците за остварување на наставно-образовната работа изнесува 240 часа настава годишно.

Структурата на наставата од став 1 на овој член се утврдува како што следува:

- 30 часа предавање;
- 40 часа подготовка;
- 45 часа континуирана проверка на знаења;
- 45 часа завршна проверка на знаења;
- 40 часа прием на студенти;
- 40 часа научноистражувачка работа.

Со исполнување на 30 часа предавања се смета дека наставникот остварил 240 часа годишно.

Доколку наставникот држи вежби, одржан час вежби се засметува во сооднос 1,5 часа вежби е еднакво на 1 час предавања.

**Член 11**

Нормираниот обем на соработниците за остварување на наставно-образовна работа изнесува 360 часа годишно, и тоа:

- 60 часа одржување вежби со студенти;
- 80 часа подготовка на вежбите;
- 120 часа прием на студенти (консултации);
- 100 часа научноистражувачка работа.

*Други работи*

**Член 12**

Под извршување други работи се смета следново:

- постојано научно и стручно усовршување;
- издигнување на научен подмладок, односно подготвување на магистратура и докторат за соработниците;
- учество во работата на Наставно-научниот совет и неговите комисии и во работата на организационите единици;
- други активности поврзани со унапредувањето на наставно-образовниот процес;
- учество во апликативната дејност на Факултетот.

**Член 13**

Доколку наставникот, односно соработникот не ги исполнува критериумите од членовите 10 и 11 од оваа Одлука за да оствари основна плата, тогаш извршува работи на магистерските студии во обем потребен за да ја оствари основната плата. Ако и во тој случај не може да го оствари потребниот обем, платата му се утврдува согласно со обемот на работата или со вршење работи и задачи од членот 24 на оваа Одлука.

Деканот е должен да обезбеди ангажман на наставниците и соработниците за исполнување на нормираниот обем за остварување на основната плата.

**Член 14**

Врз основа на мерилата и критериумите на оваа Одлука и распоредот на работите на наставниците и соработниците, кој се утврдува од страна на Деканатската управа, пред почетокот на учебната година, односно пред почетокот на семестарот, деканот донесува решение за износот на бодовите за исплата на плата.

Доколку во текот на учебната година, односно семестарот настанат промени во обемот на работите и работните задачи, деканот донесува ново решение.

На крајот на семестарот, наставниците и соработниците до деканот поднесуваат извештај за извршената работа, аконтативно утврдена во став 1 од овој член.

Против решението од ставовите 1 и 2 на овој член, наставникот, односно соработникот има право на жалба до Деканатската управа, во рок од 15 дена од денот на приемот.

Одлуката по жалбата е конечна.

Стручна и административна служба

**Член 15**

Основната плата на вработените во Стручната и административна служба и на другите вработени во институтите се утврдува за полно работно време и нормален (просечен) учинок во вршењето на работата утврдена во актот за организација и систематизација на работните места на Факултетот.

**2. Дел од плата за работна успешност**

**Член 16**

Делот од плата за работна успешност се исплаќа во случаи на:

- вонредно и натпросечно оптоварување на вработениот;
- зголемен обем на работа;
- предвремено и квалитетно извршување на работите.

*Мерила и критериуми за дел од плата за работна успешност*

**Член 17**

На работникот му се исплаќа дел од плата за работна успешност за:

- извршени работи и задачи утврдени со актот за организација и систематизација на работите и работните задачи (работни места), доколку тие работи се извршени во обем поголем од 20% од обемот кој претставува просечен (нормален) учинок;
- креативност и инвентивност во извршените работи;
- посебен придонес во подобрувањето на квалитетот на реализираните работи.

**Член 18**

Основната плата на работникот по основ на работна успешност во текот на месецот може да се зголеми до 20% од основната плата.

**Член 19**

Работната успешност на вработените во организационите единици на Факултетот ја следи раководителот на организационата единица на Факултетот.

За работната успешност на наставно-научните работници и соработниците евиденција води продеканот за настава.

За работната успешност на научните работници евиденција води продеканот за наука и меѓународна соработка.

За работната успешност на Стручната служба евиденција води секретарот на Факултетот.

За работната успешност на вработените во институтите евиденција води раководителот на Институтот.

Лицата од став 2, 3, 4 и 5 на овој член изготвуваат извештај за работникот, односно за работниците кои оствариле работна успешност и ја утврдуваат висината на делот од плата за работна успешност, а исплатата се врши со решение на деканот.

Извештајот и решението се изготвуваат по завршувањето на месецот во кој се извршени работите.

**3. Додатоци**

*Функционален додаток на плата*

**Член 20**

За извршување на раководни функции се утврдува функционален месечен додаток на основната плата од средствата стекнати од Буџетот на Република Македонија и од средствата стекнати од други извори, за следниве функции:

- декан: 25% од основната плата
- продекан: 20% од основната плата
- раководител на институт: 20% од основната плата

Функционалниот додаток на основната плата од овој член се исплатува од започнувањето на извршувањето на функцијата, па до нејзиното престанување.

*Други додатоци на основната плата*

**Член 21**

Вработените имаат право на додатоци на основната плата за прекувремена работа, работа во денови на празници и неработни денови и додаток на работен стаж, согласно со закон и колективен договор.

**4. Вредност на бодот**

**Член 22**

Вредноста на бодот, во зависност од расположливите финансиски средства, ја определува деканот.

**III. НАДОМЕСТОЦИ**

**1. Надоместоци од плата и надомест на трошоци поврзани со работата**

**Член 23**

Вработените имаат право на надоместоци на плата и надомест на трошоци поврзани со работата согласно со основите и критериумите утврдени со закон и колективен договор.

**2. Надоместоци за вршење на дополнителни работи и задачи кои не спаѓаат во редовни работни обврски**

***1. Наставно-научен и соработнички кадар***

**Член 24**

На наставниците и соработниците на Факултетот им се исплатува надомест за вршење на работи и задачи за:

- извршување работи за реализација на постдипломски односно специјалистички студии;
- извршување работи за реализација на постапка за стекнување научен степен- доктор на науки;
- извршување работи за реализација на трет циклус студии;
- учество во рецензентска комисија за избор во звање;
- издавачка дејност;
- активности за реализација на курсеви, семинари, симпозиуми, перманентно образование и сл.;
- учество во работа на комисии, работни и стручни тела, работни групи и сл.;
- за вршење работи на научно-истражувачки проекти;
- реализација на применувачка, односно апликативна високостручна дејност;
- настава на нематични факултети;
- настава надвор од Универзитетот.
- за вршење на други активности поврзани со високообразовна и применувачка дејност (раководење со лаборатории, координација, клиничка и теренска пракса и слично).

*Извршување работи за реализација на постдипломски (специјалистички) студии*

**Член 25**

За реализација на постдипломските односно специјалистички студии, се исплаќа надомест за:

- редовен професор 30 бода за 1 час
- вонреден професор 25 бода за 1 час
- доцент 20 бода за 1 час

Раководителите на студиските програми водат евиденција, се одговорни и доставуваат извештај за лицата, видот и обемот на наставата. Извештајот се доставува до продеканот за наука и меѓународна соработка. Продеканот за наука и меѓународна соработка врши проверка на вистинитоста на вкупниот обем на часови за соодветната катедра согласно со распоредот на часовите.

**Член 26**

За наставно-научните работници за изведување менторска настава за секој студент, се исплатува надоместок изразен по бодови во следниот износ:

- редовен професор 6 бода за 1 час
- вонреден професор 5 бода за 1 час
- доцент 4 бода за 1 час

Раководителите на студиските програми водат евиденција, се одговорни и доставуваат извештај за лицата, видот и обемот на наставата. Извештајот се доставува до продеканот за наука и меѓународна соработка. Продеканот за наука и меѓународна соработка врши проверка на вистинитоста на вкупниот обем на часови за соодветната катедра согласно со распоредот на часовите.

**Член 27**

За наставно-научните работници кои учествуваат во подготовка, оцена и одбрана на специјалистички труд им се исплатува надоместок, изразен во бодови во следните износи:

- за менторство во изработка на специјалистички труд - 1000 бода;
- за учество во комисија за оцена и одбрана на специјалистички труд:
  - за претседател на комисија - 500 бода,
  - а за член - 250 бода.

*Извршување работи за реализација на постапка за стекнување научен степен - доктор на науки*

**Член 28**

За учество во оцена и одбрана на докторска дисертација, од износот на уплатените средства на кандидатот, се исплаќа надомест за:

- ментор на докторска дисертација - 2000 бода;
- член на комисија за оценка на подобност на тема: претседател - 500, член - 300 бода;

- член на комисија за оцена на докторската дисертација: претседател - 500, член - 300 бода;
- член на комисија за одбрана на докторска дисертација: претседател - 500, член 300 - бода.

**Член 29**

За реализација на третиот циклус студии, надоместоците се исплаќаат согласно со Правилникот за кофинансирање на трошоците за студирање на третиот циклус-докторски студии на Универзитетот и одлуката на Факултетот.

*Учество во рецензентска комисија за избор во звање*

**Член 30**

За учество во комисија за изработка на реферат за избор на наставник или соработник се исплатуваат следните износи изразени во бодови:

- претседател на комисија - 300 бода;
- член на комисија - 200 бода.

Евиденција за учество води продеканот за финасии.

*Издавачка дејност*

**Член 31**

За учество во рецензентска комисија на учебник или учебно помагало и уредник на издание и/или меѓународно научно списание се исплаќа надомест за:

- рецензент на учебник – 500 до1000 бода;
- рецензент на учебно помагало – 300 до 500 бода;
- уредник на монографија, книга на апстракти, зборник од научен собир и сл. - 500 до1000 бода;
- уредник на домашно списание (издание) - 500 до 2000 бода;
- уредник (главен, технички, асоцијативен, ко-уредник, помошен уредник и слично) на меѓународно научно списание 500 до 3000 бода.

*Учество во работа на комисии, одбори, работни групи, работни тела и слично*

**Член 32**

„На членови на комисија, одбор, работна група, работно тело и слично формирани од орган на Факултетот, за изготвување нормативни акти, експертски анализи, стручни материјали, реализација на курсеви, семинари, работилници, симпозиуми, перманентно образование и слично и за други активности, им се исплаќа надомест во зависност од обемот и степенот на сложеност на работните задачи.

Членови на комисија, одбор, работна група, работно тело и слично можат да бидат наставно-научните, научните и соработничките кадри, лица од Централната стручна и административна служба - Ректоратот, Стручната и административна служба на Факултетот и надворешни лица.

Обемот и степенот на сложеност се утврдуваат од органот кој формирал комисија, одбор, работна група, работното тело и слично при нивното формирање.

На член на комисија, одбор, работна група, работно тело и слично во зависност од обемот и степенот на сложеност, се исплаќа надомест во висина од:

- за стручно-аналитички работи (нормативни акти, студиски програми, самоевалуација, проекти, стратегии, програми и сл.), од 2000 до 6000 бода;
- за експертски анализи (за прашања од конкретна област), од 1000 до 4000 бода;
- за стручни работи (анализи, информативни работи, извештаи и сл.), од 1000 до 4000 бода;
- за реализација на курсеви, семинари, работилници, симпозиуми, перманентно образование и сл., од 300 до 2000 бода
- за други активности (организациони, манифестациони, промотивни активности, саеми за кериера, одбори, стручни комисии, други слични работи како и дополнителни помошни активности во организирањето на работата на внатрешните единици, катедрите, лабораториите, центрите, клиниките и сл.), од 300 до 2000 бода
- за помошни и технички работи (изработка на интернет содржина,

јавни набавки, земање на мостри на терен и сл.) од 50 до 200 бода.

Одлуки за учество на лица во извршување на работите од став 1 на овој член, по предлог на деканот, донесува Деканатската управа."

*Други активности поврзани со високообразовна и применувачка дејност (раководење со лаборатории, координација, клиничка и теренска пракса и слично)*

**Член 33**

На вработени за извршување на други активности во поврзани со високообразовна и применувачка дејност (раководење, координација, клиничка, теренска пракса и слично) има се исплаќа надомест во зависност од обемот и степенот на сложеност на работните задачи.

Обемот и степенот на сложеност се утврдуваат од Деканатската управа, врз основа на активноста, а се исплаќа надомест во висина од:

- Раководител на лабораторија со акредитирани методи или раководител на приемно оддлеление
  од 1000 до 3000 бода
- Раководител на клиника
  од 1000 до 3000 бода
- Кординатор за кавалитет ИСО 17025
  од 1000 до 3000 бода
- Координатор за ЕКТС
  од 500 до 2000 бода
- Координатор за изведување на клиничка и теренска практика
  од 500 до 2000 бода.

Одлуки за извршување на работите од овој член, по предлог на Деканот, донесува Деканатската управа. „

*Вршење работи на научноистражувачки проекти*

**Член 34**

Надоместоците за вршење работи на научноистражувачки проекти се исплаќаат со со одлука на деканот, по предлог на раководителот на проектот и согласно со финансискиот план на проектот.

Одлуки за учество на лицата за извршување на работите од став 1 на овој член донесува деканот, по предлог на раководителот на проектот.

*Реализација на применувачка, односно апликативна високостручна дејност*

**Член 35**

На наставно-научниот, научниот и соработничкиот кадар, на вработените во институтите и вработените во Стручната и административна служба им следува надоместок од средствата остварени од вршење на апликативна дејност.

Доколку приходот остварен од апликативна високостручна дејност е поголем од расходите, со одлука на Деканатската управа може да се исплаќа во текот на наредната година надоместок во висина до 50% од разликата помеѓу приходите и расходите.

Износот за исплата на средства по овој основ го утврдува Деканатската управа, а исплатата ќе се врши со примена на бодовите дадени во Прилог 1 на оваа Одлука.

*Други стручни услуги*

**Член 36**

На лица кои учествувале во судсковетеринарни вештачења по барање на судските органи им се утврдува надомест со одлука на деканот, по предлог на раководителот на катедрата и тоа од 500 до 1000 бода.

*Изведување настава на други факултети и научни институти на УКИМ*

**Член 37**

Изведувањето настава на други факултети и институти во состав на УКИМ се регулира со договори склучени помеѓу Факултетот и единиците на Универзитетот.

Надоместоците им се исплаќаат на лицата според обемот на реализираната настава.

*Изведување настава и вежби на други универзитети*

**Член 38**

Од приходот што Факултетот го остварува по основ на вршење настава на други универзитети, најмалку 30% се издвојува за Факултетот, а од остатокот се плаќа на лицата кои ја изведуваат наставата според обемот на реализираната настава.

**2. Стручна и административна служба**

**Член 39**

На лицата вработени во Стручната и административна служба и во институтите им се исплаќа надомест за вршење на работи и задачи за стручно, административно и техничко учество во извршување на работите од член 24 алинеја 1-3 од оваа Одлука и за учество во работа на комисии, одбори, работни и стручни тела, работни групи, за вршење работи на научноистражувачки проекти, како и за реализација на апликативната дејност.

**Член 40**

Надоместоците за стручно, административно и техничко учество во извршување на работите од член 39, став 1 од оваа Одлука се исплатуваат во висина до 10% од вкупно исплатените надоместоци за наставно-научниот и соработничкиот кадар по основите утврдени во член 24, став 1, алинеја 1- 3 од оваа Одлука.

Износите се распределуваат за:

- секретар на Факултетот - до 500 бода;
- извршители со високо образование – до 300 бода;
- извршители со вишо и средно образование – до 200 бода;
- други – до 100 бода;

Одлука за учество на лицата и висината на надоместоците донесува деканот.

**Член 41**

За извршување стручни, административни и технички работи за реализација на научноистражувачки проекти, надоместоци се исплаќаат според финансискиот план на проектот.

Одлука за учество на лицата и висината на надоместоците донесува деканот, по предлог на раководителот на проектот.

## IV. НАДОМЕСТОЦИ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ ВИСОКООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ ОД СТРАНА НА ЛИЦА КОИ НЕ СЕ ВРАБОТЕНИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

**Член 42**

На Визитинг професор, ангажиран наставник во насловно звање и истакнат стручњак од практиката, им се исплаќа надомест за учество во настава.

Надоместот се исплаќа за изведување на следниве активности: изведување на теоретска и практична настава, подготовка на материјали за изведување на практичната настава, технички работи кои се однесуваат на организација, подготовка и изведување на сите облици на практична работа и вежби, помагање при експерименти и зафати на експериментални животни и сл.“

Надоместоците се исплатуваат врз основа на поднесен извештај од страна на учесниците во изведувањето на наставата, одобрен од продеканот за настава.

Висината на надоместот на лицата од став 1 на овој член изнесува до 3000 бода.

## V. СРЕДСТВА ЗА ИСПЛАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ

**Член 43**

Исплата по основите од член 24 од оваа Одлука се врши во рамките на остварените приходи и тоа од соодветните основи врз основа на кој е стекнат приходот.

Исплатата се врши откако од вкупните средства стекнати од соодветниот основ се изврши распределба по намени согласно со Одлуката за стекнување и распределба на приходите на Факултетот и доколку има обезбедено финансиски средства за одредена намена.

*Вредност на бодот*

**Член 44**

Вредноста на бодот за надоместоците од членовите 25, 26 и 27 ја утврдува Деканатската управа во зависност од остварените приходи.

Вредноста на бодот од членовите 32,33, 35 и 42 ја утврдува Деканатската управа.

Вредноста на бодот за надоместоците од членовите 28, 30, 31, 36 и 40 ја утврдува деканот.

Исплатата се врши со решение на деканот.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 45**

Исплатите по оваа Одлука ќе се вршат во рамките на обезбедните средства за соодветните намени.

**Член 46**

За се што не е уредено со оваа Одлука се применуваат одредбите од Законот за работните односи, колективниот договор, актите на УКИМ и другите прописи кои ја регулираат оваа материја.

**Член 47**

Со денот на влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Колективниот договор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Универзитетски гласник бр. 68 од 14 јули 2005 година).

**Член 48**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во *Универзитетскиот гласник* .

**Д е к а н**
**Проф. д-р Лазо Пендовски, с.р.**

**Прилог 1 :**

1. ***Висина на основна плата на Давател и на услуги:***

Основната плата за нормираниот обем на работни задачи изразена во бодови, по работни места за давателите на јавни услуги се утврдува во следниов износ:

- редовен професор / научен соработник 5393 бода
- вонреден професор / виш научен соработник 4893 бода
- доцент / научен соработник 4393 бода
- асистент 3993 бода
- доктор по ветеринарна медицина 3493 бода
- стручен соработник 3493 бода
- стручен соработник – аналитичар 3493 бода
- лаборант со (VI степен) 3193 бода
- лаборант 2943 бода

2. ***Висина на основната плата на административните работни во Стручната и административна служба***

Основната плата за нормираниот обем на работни задачи изразена во бодови, по работни места за Стручната и административна служба се утврдува во следниов износ:

- секретар на Факултетот 4393 бода
- раководител на Одделението за финансиско и административно работење 3993 бода
- советник за библиотечно работење 3393 бода
- советник за финансиско работење 3493 бода
- советник за сметководствено работење 3393 бода
- советник за деловно работење 3393 бода
- советник за ИКТ 3493 бода
- советник за студентски прашања 3393 бода
- помлад соработник за деловно работење 3193 бода
- самостоен референт за сметко-водствени работи со VI степен) 3193 бода
- самостоен референт за сметко-водствени работи 2943 бода
- самостоен референт за материјално и магацинско работење (со VI степен) 3193 бода
- самостоен референт за материјално и магацинско работење2943 бода
- самостоен референт за благајна 2943 бода

3. ***Висина на основната плата на помошно-технички лица***

Основната плата за нормираниот обем на работни задачи изразена во бодови, по работни места за Помошно-техничките лица се утврдува во следниов износ:

- одгледувач на домашни животни 1993 бода
- возач 1993 бода
- хигиеничар 1893 бода